РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1115/3
16-10-2025 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 23-тата седница одржана на ден 13.10.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот оформен по пријава со број 12-1790/1 од 11.06.2024 година, поднесена против претседателот на ------------------------------------------- на Македонија, -------------------------, која содржи наводи за злоупотреба на службената положба и овластување заради лични интереси, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување, од причина што за случајот постапува друг надлежен орган (УФП).

Предметот со број 12-1790/1 од 11.06.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

Државната комисија за спречување на корупцијата постапува по предмет со број 12-1790/1, оформен по пријава против претседателот на ------------------------------------ на Македонија, ---------------------------, во која се изнесени наводи за сомневање за злоупотреба на службената положба и овластување.

Подносителот во пријавата наведува дека горенаведениот постојано основал стоматолошки здруженија и од позиција на претседател на ---------------------------------, истите ги овластувал за спроведување на континуирана ------------------------- едукација, кое е потребно за релиценцирање на -------------------------------.

Имајќи предвид дека пријавата била доставена до Управата за финансиска полиција, Државната комисија се обрати до истата со Барање бр.12-1790/2 од 17.09.2024 година и Ургенција бр.12-1115/1 од 20.03.2025 година.
Постапувајќи по горенаведените акти, Управата за финансиска полиција, на ден 05.09.2025 година достави Известување заведено со бр.-------------/---, во кое го наведува следното: УФП има оформен предмет врз основа на анонимна пријава против ------------------------------ на Македонија и претседателот --------------------------, во врска со кој предмет во тек се предистражни дејствија и проверки и за истото е известен и надлежен јавен обвинител. Од страна на Управата наведуваат дека согласно член 282 од Законот за кривична постапка, по приемот на кривичната пријава со сомневање за сторено кривично дело кое се гони по службена должност, полицијата е должна да го извести јавниот обвинител, кој согласно член 283 раководи со предистражната постапка, а Управата како правосудна полиција е должна да постапува по наредбите и насоките на јавниот обвинител во согласност со членот 284, како и врз основа на полициски извиди и спроведените мерки и дејствија, го известува јавниот обвинител.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК утврди дека во конкретниот случај постапува друг надлежен орган, поради што нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**
**м-р Цвета Ристовска**

Изготвил: м-р Ф.Ј.,советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: З.Б., Член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk